ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ
НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E
MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP
Бр./Nr. 03-1244/2
14-10-2024 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

Друштво за трговија и услуги
ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 0302-1301/1
14.10.2024 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

**Склучен помеѓу:**

**Јавното претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје,** со седиште на Бул.Илинден ББ Скопје, Центар, со ЕМБС 6533191, ЕДБ 4080009506800, жиро сметка 300000003384172 на Комерцијална Банка АД Скопје **како Давател на услуги**, застапувано од **ВД Директорот Ненад Јосевски и**

**Друштво за трговија и услуги ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, Подружница ФИ-СА КОМЕРЦ бр.5 Скопје** со седиште на ул. 1632 бр. 39 Скопје – Гази Баба, ЕМБС 4341775/5, ЕДБ 4030992162989, жиро сметка 210043417750161 на НЛБ Банка АД Скопје, **како Корисник на услуга** застапувано од **Раководител на подружница Зоран Јовановски.**

## Член 1

Предмет на овој договор е прием на прехранбени стоки (производи со поминат рок и производи кои не ја задоволуваат спецификацијата за нивна употреба) и прием и посебен третман на индустриски неопасен отпад (отпад кој потекнува од самиот процес на производство отпад од преработка на месо, односно нус производи од животинско потекло – делови од животни) согласно Листата на видови отпад (Сл.весник на РМ бр.100/05) и Измената на А-Интегрираната Еколошка Дозвола на ЈП Депонија ДРИСЛА број УП1-11/3-1541/2021 од 27.07.2022 год. издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Член 2

Корисникот на услугата се обврзува со сопствено или изнајмено возило кое има дозвола за транспорт на отпад кој е предмет на овој Договор, да го транспортира отпадот од чл.1 во депонија Дрисла со однапред договорен термин за уништување и изготвена соодветна документација согласно Законот за управување со отпад (Сл.весник на РСМ 216/21) и Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад (Сл.весник на РМ бр.7/06). Корисникот на услугата се задолжува 2 дена пред секое носење на отпадот да ги извести референтите за уништување на отпад Натка Среброва natka.s@drisla.mk 076/317-116 и Оливер Мирчески oliver@drisla.mk 075/208-387 на што ќе добие одговор за понатамошно постапување со отпадот.

## Член 3

Давателот на услугата се обврзува возилата со отпад да ги прифати во однапред договорен термин, да изврши мерење на отпадот и издаде Кантарна Белешка за количината и видот на измерениот отпад, да ги провери и контролира транспортниот и идентификациониот формулар, да го посочи местото за истовар придржувајќи се на технолошкиот процес на депонирање на отпадот. Давателот на услугата при приемот на отпад ги проверува, контролира и соодветно дополнува транспортниот и идентификациониот формулар согласно Законските и подзаконски акти наведени во чл.2 од овој Договор и по еден примерок од двата задржува за себе.

Изготвил Гордана Ацковска
Одобрил Светлана Стојаноска
Контролирал Бранкица Андоновска

**Член 4**

Договорните страни се согласни Корисникот да го истовари отпадот од сопственото возило со свои работници на местото посочено од Давателот на услугите. Корисникот на услугата е должен да му достави листа на возила со кои ќе врши транспорт на отпад до депонијата. Доколку дојде до измена на истата да го извести Давателот на услугата заради ажурирање во дигиталната база на ЈП Депонија Дрисла.

**Член 5**

Цената на извршената услуга ќе се наплати согласно важечкиот Тарифник на Давателот на услугата одобрен од Советот на Град Скопје и таа изнесува:
- 3.100,00 ден./тон за прехранбени стоки и
- 7.200,00 ден/тон за прием и посебен третман на индустриски неопасен отпад.

Цената за наведените услуги е без пресметан ДДВ (5%)

**Член 6**

Корисникот на услугата е согласен доколку отпадот кој го донесе не е предмет на договор, а го има во А-Интегрираната Еколошка Дозвола на ЈП Депонија ДРИСЛА издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање, да биде тарифиран согласно важечкиот Тарифник на Давателот на услугата, одобрен од Советот на Град Скопје.

**Член 7**

Доколку давателот на услугата изврши било какви промени во методологијата или цената на услугите, Давателот на услугите го задржува правото истите да ги примени.
Давателот на услугите е должен најмногу 30 дена откако промените од став 1 на овој член ќе стапат во сила, да го извести Корисникот на услугите за истите, а Корисникот на услугите има право доколку промените за него не се прифатливи да го раскине овој Договор во рок од 30 дена од добивањето на известувањето.

**Член 8**

Давателот на услугата на крајот на месецот ќе му фактурира на Корисникот на услугите.
Давателот на услугите се обврзува заедно со фактурата на Корисникот на услугата да му достави и спецификација со пресметки за извршените услуги.
Корисникот на услугата е должен доставената фактура да ја плати до 8-ми (осми) во месецот за претходниот месец. Доколку паричната обврска не е исполнета во договорениот рок Давателот на услугата има право да пресмета и наплати казнена камата утврдена со Закон и надоместок за доцнење при исполнувањето на паричната обврска согласно Законот за финансиска дисциплина.

**Член 9**

Доколку Корисникот на услугите не плати две последователни фактури, Давателот на услугите има право да прекине со давањето на услугата се до подмирување на обврските, без претходно да има обврска да го извести Корисникот на услугата.

**Член 10**

За се што не е опфатено со одредбите на овој Договор ќе важат општите одредби на Законот за облигациони односи.

**Член 11**

Овој Договор стапува на сила со денот на неговото потпишување и е со важност од **1 (една) година**. Договорот може да биде раскинат и пред истекот на наведениот период доколку

Изготвил Гордана Ацковска
Одобрил Светлана Стојаноска
Контролирал Бранкица Андоновска

едната страна во пишана форма ја извести другата страна 30 (триесет) дена пред датата која го утврврдила за престанок на Договорот.
Корисникот на услугата се согласува да го потпише и врати договорот во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на договорот. Во спротивно договорот нема да се смета за склучен.

**Член 12**

Измени и дополнувања на овој Договор може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни, по писмен пат со Анекс на овој Договор.

**Член 13**

Доколку настане спор од одредбите на овој Договор двете страни ќе го решат спогодбено, а ако тоа не е можно надлежен е Основниот Граѓански Суд во Скопје.

**Член 14**

Овој Договор е изготвен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примероци потпишани и заверени за секоја договорна страна.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**Давател на услуга**
**ЈП депонија Дрисла-Скопје**

**ВД Директор**

________________________
**Ненад Јосевски**

**Корисник на услуга**
**ДТУ ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ**
**експорт-импорт Скопје,**
**Подружница ФИ-СА КОМЕРЦ бр.5 Скопје**
**Раководител на подружница**

________________________
**Зоран Јовановски**

Изготвил Гордана Ацковска
Одобрил Светлана Стојаноска
Контролирал Бранкица Андоновска

Изготвил Гордана Ацковска
Одобрил Светлана Стојаноска
Контролирал Бранкица Андоновска

Друштво за трговија и услуги
ТОКСИ-ВЕТ ДООЕЛ
Бр. 03-384/1
28.10. 2024 год.
СКОПЈЕ

Друштво за трговија и услуги
ФИ-СА КОМЕРЦ Гусин ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 0302-135/1
28.10 2024 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р

## За спроведување на контрола и заштита од штетници

Склучен на ден 28.10.2024 година, помеѓу:

1). **Д.Т.У. "ТОКСИ-ВЕТ" д.о.о.е.л. Скопје** со седиште на ул.Спиро Гулапчев бр.5б Скопје жиро сметка број 300000003315593 во Комерцијална банка и даночен број 4058011510925 како извршител на услугите.

2). **"ФИ-СА Комерц" – ул.Стево Филиповиќ бр.2/3 10 Скопје** со жиро сметка број 300000000323531 во Комерцијална банка - Скопје и даночен број MK4030992162989 како корисник на услуги.

**Предмет на договорот**

Член 1

Предмет на овој договор е извршување на годишна контрола и заштита од штетници на "ФИ-СА Комерц " Скопје во чиј склоп влегува: **Фабрика за преработка и доработка на месо на ул. 1632 бр.39 по старо, по ново ул. Ѓорѓи Колозов бр. 39 во Скопје**.

**Обврски на извршителот**

Член 2

Извршителот на услуга се обврзува стручно и професионално да ги врши следните работи:
- да врши мониторинг на објектот
- да води детални записници од контролите и предлага мерки и активности кои ќе се превземат за уништување на штетниците
- да обезбеди стручен персонал кој ќе ги извршува контролите и третирањата
- да врши квалитетна дезинфекција, дезинсекција и дератизација
- да обезбеди соодветни средства и материјали со кои ќе ја извршува дезинсекција и дератизација, во количини согласно потребите
- да ги одреди местата каде ќе се поставуваат на феромонските мамци и мамечките кутии за глодари, да направи шема и истите да ги проверува за време на контролите
- да ги предложи начините и местата на складирање на суровините и готовите производи како би се намалил ризикот од инфестација
- да обезбеди документација за квалитетот и начинот на безбедна примена на препаратите.

Член 3

Извршителот на услуга се обврзува да ја обезбеди следната документација која ќе биде сместена во папка која ќе биде сопственост на "ФИ-СА Комерц " Скопје и постојано достапна на контролорите

- договор за спроведување на контрола на штетници
- Решение од Министерство за здравство на Р.М. за вршење на дејноста за ДДД услуги.
- регистрација од Министерство за Здравство на Р.М. за употребените препарати
- сертификат од анализа за секој препарат
- извештај од извршена техничка контрола ( 1 на број )
- извештај за извршен третман
- извештај од извршена рутинска контрола ( 4 на број )
- листа за следење на манифестацијата на глодари
- мониторинг за пронајдени лазечки инсекти ( бубашваби )
- листа лоцирање на поставени мамечки станици и детектори за инсекти
- годишен извештај за извршените рутински и технички контроли и хемиски третмани

Член 4

Извршителот на услуга се обврзува да врши постојани контроли на објектот и тоа:

а). техничка една

- 1 техничка контрола на 28.10.2024 година

При самата контрола ќе бидат утврдени недостатоците како од хигиенска така и од техничка природа кои треба да ги одстрани нарачателот на услугата како што се:

- утврдување на степенот на хигиена од страна на вработените (на пр. адекватно чување на прехрамбени артикли, утврдување на степен на хигиена во нивните гардероби, адекватно и навремено одстранување на отпадоците од производните погони и т.н. )
- утврдување на технички недостатоци на објектот кои би допринеле за влез на глодари
- утврдување на можни жаришта за размножување на инсекти како и можни отвори за влез на истите во објектот.
- ќе ги одреди местата каде ќе се поставуваат феромонските мамци и мамечките кутии за глодари, ќе направи шема на истите, а истовремено ќе го утврди степенот на манифестација и ќе предложи корективни мерки за нивно уништување

б). рутински 4 (четири) на секои 90 дена :

- 1 рутинска контрола на 15.11.2024 година
- 2 рутинска контрола на 15.02.2025 година
- 3 рутинска контрола на 15.05.2025 година
- 4 рутинска контрола на 15.08.2025 година

- При самите контроли ќе се следи степенот на инфестација на глодари и инсекти ( контрола на мамечките кутии и феромонските мамци за инсекти ) и ќе предлага корективни мерки за нивно уништување.

Член 5

Во случај по барање на Корисникот на услуга да бидат превземени активности кои не се предвидени во член 2 од овој договор, истите дополнително ќе бидат фактурирани.

Член 6

Извршителот на услуга се обврзува дека за сето она за што во текот на работењето ќе добие сознанија, информации и слично, ќе го чува како деловна тајна.

**Обврски на корисникот**

Член 7

- да овозможи непречено извршување на услугите во просторот предвиден во член 1 од овој договор
- да изврши физичко чистење на опремата и просторот по налог на извршителот
- да ги одстрани сите забелешки кои со записник ќе ги наложи извршителот на услугата, а доколку не бидат исполнети извршителот на услугата ќе го одложи третирањето се до нивното исполнување.
- да определи одговорно лице за соработка.
- да води сметка да не се уништуваат поставените мамци за глодари
- да води сметка да не се уништуваат поставените етикети
- да води сметка да не се уништуваат поставените феромонски мамци за бубашваби
- да се грижи за тајноста на документите и да не ги презентира пред неовластени лица

Во случај Корисникот на услуга да не постапи согласно своите обврски предвидени со овој договор, Извршителот на услуга не одговара за евентуалната штета што би настанала заради тоа.

**Цена и динамика на плаќање**

Член 8

Цената на годишно одржување за заштита и контрола на штетници ќе се утврдува согласно изведените активности на терен .

Член 9

Корисникот е во обврска да ја плати сумата по добивање на фактура.

Член 10

**Времетраење и раскинување**

Овој договор се склучува за времетраење од 1 година сметано од денот на склучувањето. Доколку најдоцна 15 дена пред истек на овој Договор ниедна од договорните странки писмено не ја извести спротивната странка дека не сака овој договор да биде продолжен, овој Договор под истите услови продолжува и за наредниот период од 1 година и така неограничен број пати.

Член 11

**Останати одредби**

За сето она што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат соодветните законски одредби.

Член 12

Во случај на евентуални спорови по овој договор, договорените страни ќе настојуваат истите да ги разрешат спогодбено, а во спротивно за истите како надлежен суд го назначуваат Основен суд Скопје 1.

Член 13

Овој договор е составен на 3 страни во четири примерока, по 2 за секоја од договорните страни.

Извршител на услугите: Корисник на услугите:

ТОКСИ-ВЕТ ДООЕЛ Скопје ФИ-СА КОМЕРЦ

ПАКОМАК ДОО
Бр. 03-6972
29.10.2024 год.
СКОПЈЕ

Друштво за трговија и услуги
ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 0302-136/1
29.10.2024 год.
СКОПЈЕ

Согласно чл.25 ст. 3 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување - Сл.весник на РСМ бр. 215/21 од 16.09.2021 год. (во понатамошниот текст ЗУПОП) а в.в со чл.20 од Законот за проширена одговорност на призводителот за управување со посебни текови на отпад - Сл. Весник на РСМ бр. 215/21 од 16.09.2021 год ( во понатамошниот текст ЗПОП), на ден ____________ год. склучен е

## ДОГОВОР ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Помеѓу:

1. ПАКОМАК ДОО Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди, Порта Влае блок 4

ж-ска: 250 001002708705

ДБ: МК 4057010510526

Депонент: ШПАРКАССЕ БАНКА

Застапувано од Управителот Ивановски Филип, во понатамошниот текст како ПАКОМАК ДОО Скопје.

и

2. ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ ,

со седиште на ул:Стево Филиповиќ бр:2-3/10,Скопје и

подружница на ул:1632 бр :39 ,по ново ул:Ѓорѓи Колозов бр:39 и

подружница на ул:Киро Глигоров бр:5А

ж-ска: 210-0434177501-61

ДБ: МК 4030992162989

Депонент: НЛБ БАНКА

Контакт е-маил: info@fisakomerc.com

Телефон: 02/6121-840Застапувано од Управителот Зоран Јовановски во понатамошниот текст ПРОИЗВОДИТЕЛОТ

ПАКОМАК ДОО Скопје, согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување е регистриран со Решение бр. 30120100043222 на Централен регистар на РСМ и со Дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање, како правно лице за постапување со отпад од пакување.

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно чл.6 ст.1 т. 10 од ЗУПОП а в.в со чл.5 т.5 од ЗПОП е правно или физичко лице кое пакува стоки или полни стоки во пакувања, како и произведува или пушта во слободен промет стоки спакувани во пакувања, како своја дејност, вклучувајќи го и ПРОИЗВОДИТЕЛОТ кој како краен корисник пушта во слободен промет спакувана стока или

увезува спакувана стока со чија употреба се создаваат отпадни производи што припаѓаат на посебните текови на отпад, и поради тоа во споредба со другите правни лица кои пуштаат производи на пазарот има обврска да преземе дополнителни мерки на одговорност.

Сите дефиниции употребени во овој Договор се во согласност со ЗУПОП И ЗПОП.

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 1

Согласно ЗУПОП, предмет на овој договор е соработка и збир на активности со кои ПАКОМАК ДОО Скопје, согласно чл. 25 ст.3 ги презема обврските на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно чл. 21 од истиот закон, а со цел остварување на националните цели утврдени во чл. 21 од истиот закон, а в.в со чл.20 и чл.21 од ЗПОП.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПАКОМАК**

Член 2

ПАКОМАК ДОО Скопје согласно ЗУПОП и овој Договор ги превзема обврските на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ утврдени во чл. 21 и чл .22 а в.в чл.13 од ЗПОП.

Член 3

ПАКОМАК ДОО Скопје согласно чл. 29 од ЗПОП е должен , сите обврски отстапени од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ а утврдени во чл. 2 од овој Договор, да ги довери на правни и физички лица кои поседуваат соодветни дозволи за постапување со отпад согласно со Законот за управување со отпад Сл.весник на РСМ бр. 216 од 17.09.2021 год.

Член 4

Заради спроведување на обврските утврдени во чл. 21 од ЗУПОП а в.в со чл.38 од ЗПОП, ПАКОМАК ДОО Скопје, има право да наплаќа надомест по тип и количина на отпад по Ценовник со кој ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е запознаен и согласен при потпишувањето на овој договор.

ПАКОМАК ДОО Скопје има право надоместокот да го наплаќа од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, од денот на стапување во сила на овој договор.

Член 5

ПАКОМАК ДОО Скопје, Ценовникот ќе го формира еднаш годишно.

ПАКОМАК ДОО Скопје е должен да го објави Ценовникот за наредната година најдоцна до 15-ти Ноември во тековната година.

ПАКОМАК ДОО Скопје го задржува правото, доколку околностите го налагаат тоа, да го менува Ценовникот и во текот на годината.

Секоја промена на Ценовникот во текот на годината, ПАКОМАК ДОО Скопје, е должен да ја објави на својата веб страна најдоцна во рок од 10 (десет) дена од денот на настанување на промената како и да го извести Производителот 30 дена пред започнување на важноста на новиот ценовник.

Член 6

По добивање на Извештајот за видот и количините на отпад пуштени на пазарот на РСМ од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ПАКОМАК ДОО Скопје е должен да достави фактура .

Износот на фактурата ќе биде пресметан како сума од соодветните количини на отпад од пакување од Извештајот, помножени со нивните соодветни единечни надоместоци (по килограм) од актуелниот Ценовник .

За секое задоцнување при плаќање на фактурата ПАКОМАК ДОО Скопје ќе пресметува камата согласно Законот.

Член 7

Согласно овој Договор и чл.18 од ЗПОП, ПАКОМАК ДОО Скопје е должен на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за пријавените и платените количини на отпад од пакување од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, на истиот да му издаде потврда за исполнување на проширената одговорност за управување со отпад од пакување .

Член 8

ПАКОМАК ДОО Скопје, сите податоци за видот и количината на отпадот пуштен на пазарот на РСМ од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ќе ги добива во вид на месечен извештај во писмена или електронска форма.

Член 9

Пред надлежните органи, ПАКОМАК ДОО Скопје превзема обврска за постапување само за пријавените и платени количини на отпад од пакување од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ , а наведени во Извештајот.

Член 10

ПАКОМАК ДОО Скопје согласно чл. 19 ст.8 од ЗУПОП а в.в со чл.36 од ЗПОП е должен пријавените количини на отпад од пакување во Извештаите доставени од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ да ги обработува и ги праќа во форма на годишен извештај до надлежните државни органи.

Член 11

Согласно овој договор ПАКОМАК ДОО Скопје, има право заради утврдување на вистинитоста на податоците кои што се предмет на Извештаите доставени од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, да побара ревизија од независно стручно правно или физичко лице.

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е должен да овозможи увид во целокупната документација и пристап до сите информации потребни за непречено спроведување на ревизијата од ст. 1 на овој член.

Член 12

Доколку со ревизијата се утврди дека податоците доставени од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се вистинити и не постојат отстапување од реалната и прикажаната состојба по однос на видот и количината на отпадот, тогаш трошоците за ревизијата ќе бидат на товар на ПАКОМАК ДОО Скопје во спротивно доколку податоците отстапуваат од реалната состојба по однос на видот и количината на отпадот, тогаш трошоците за ревизијата ќе бидат на товар на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Член 13

ПАКОМАК ДОО Скопје ќе му овозможи на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ право на користење на Греен Дот лиценца без надоместок и тоа за времетраењето на овој договор само доколку ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ја пријавува во ПАКОМАК ДОО целата количина на отпадот од пакување пуштен на пазарот.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ**

Член 14

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно овој Договор и ЗУПОП, му ги отстапува на ПАКОМАК ДОО Скопје обврските утврдени во чл. 21 од ЗУПОП а в.в со чл. 20 од ЗПОП.

Член 15

Со овој договор и чл. 21 од ЗПОП ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува да води евиденција во писмена или електронска форма во вид на извештаи за видот и целокупната количина на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РСМ и навремено и вистинито да го информира ПАКОМАК ДОО Скопје за видот и целокупната количина на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РСМ.

Член 16

Месечните извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РСМ за изминатиот месец, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува во писмена или електронска форма, да ги достави до ПАКОМАК ДОО Скопје, најдоцна до 15-ти во тековниот месецот.

За вистинитоста на истите одговара ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Член 17

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува заради спроведување на обврските утврдени во чл. 21 чл во ЗУПОП на ПАКОМАК ДОО Скопје, да му плаќа надомест по утврден ценовник-Прилог 1 , со кој ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е запознаен и согласен при потпишувањето на овој договор.

Обврската на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за плаќање на надоместокот започнува од денот на стапување на сила на овој Договор.

Член 18

Согласно овој Договор, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува уплатата на надоместокот да ја врши на сметка на ПАКОМАК ДОО Скопје по претходно доставена фактура и тоа најдоцна 10 (десет) календарски денови од датумот на приемот на истата.

Член 19

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за пријавените и платените количини од Извештајот од денот на стапување на сила на овој Договор, а во согласност со чл. 37 од ЗУПОП ќе биде ослободен од плаќање на надоместокот утврден во чл. 35 ст.2 од истиот закон.

Член 20

Во случај со ревизијата да се утврди дека ПРОИЗВОДИТЕЛОТ во Извештајот прикажал помали количини на отпад од пакување од реалните, и по основ на тие отстапувања се изречени било какви санкции према ПАКОМАК ДОО Скопје од страна на надлежните органи во тој случај сите изречени санкции ќе бидат на товат на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Член 21

Во случај со ревизијата да се утврди дека ПРОИЗВОДИТЕЛОТ во тековната година во извештајот прикажал поголеми количини на отпад од реалните, и го платил надоместокот за истите тогаш ПРОИЗВОДИТЕЛОТ има право согласно Ценовникот бара поврат на средствата за разликата во количината.

Истото се однесува и за отстапувањата по однос на видот на отпадот од пакување прикажан во Извештајот од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Член 22

Доколку надлежни државни органи утврдат дека ПАКОМАК ДОО Скопје, по доставен годишен извештај за постапување со отпад од пакување не ги исполнил националните цели утврдени во чл. 21 од ЗУПОП тогаш за одговорноста и обврската за обезбедување ќе се применат одредбите од чл. 25 и чл.28 а в.в чл. 31 од ЗПОП.

**ДОВЕРЛИВОСТ**

Член 23

Согласно овој Договор, двете договорни страни се обврзуваат дека сите информациите кои ги обезбедиле врз основа на овој Договор, извештаите, ревизијата и ги обележале како доверливи нема да ги пренесуваат на било кое трето лице и ќе ги чуваат како деловна тајна и по раскинувањето на овој Договор.

Овие доверливи информации двете договорни страни можат да ги користат само во случај на спор пред надлежни државни органи.

**ВАЖНОСТ И ВРЕМЕТРАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 24

Овој Договор се склучува на неопределено време. Истиот стапува на сила од денот на неговото потпишување.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 25

Двете договорни страни имаат право еднострано да го раскинат Договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна 6 (шест) месеци пред бараниот датум на раскинување.

Овој Договор ќе биде раскинат со писмено известување за раскинување од страна на ПАКОМАК ДОО во секое време без дополнителен отказен рок во еден од следните случаи:

- ПРОИЗВОДИТЕЛОТ 6 месеци последователно не го плаќа надоместокот утврден во чл. 17 од овој Договор а согласно чл.38 ст. 8 од ЗПОП, за кое раскинување ПАКОМАК е доллжен веднаш да го извести стручниот орган како и да го објави на својата веб страна називот и седиштето на ПРИЗВОДИТЕЛОТ на кој му го раскинал договорот. Во тој случај ПРОИЗВОДИТЕЛОТ не смее да склучи договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со друг колективен постапувач во таа фискална година и е должен да го плати надоместокот за управување со отпад од пакување освен кон ПАКОМАК ДОО и кон државниот орган и тоа по цени утврдени во чл.35 ст.2 од ЗУПОП за согласно чл.38 ст.11 од ЗПОП.

- ПРОИЗВОДИТЕЛОТ 3 месеци последователно не доставува до ПАКОМАК ДОО Скопје месечни извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РСМ согласно чл. 15 и чл.16 од овој Договор;

Овој Договор може да биде раскинат со писмено известување за раскинување од секоја од двете договорни страни во секое време без дополнителен отказен рок доколку другата договорна страна стане платежно неспособна (во случај на стечај или ликвидација), а по претходно намирување на сите обврски согласно овој договор.

Член 26

Во случај на раскинување на овој Договор без оглед како е предизвикано, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е должен да ги подмири сите финансиски обврски спрема ПАКОМАК ДОО Скопје, настанати за времетраењето на овој Договор.

**ОДВОИВОСТ**

Член 27

Во случај некој дел од овој Договор да биде прогласен за неважечки, неправосилен или на друг начин неспроведлив од страна на надлежен суд, таквиот дел ќе се интерпретира на начинот кој е најблизок до неговата првобитна намера, а е спроведлив, или ако тоа не е можно ќе се смета дека е одвоен од овој Договор и дека како таков нема на никаков начин да го нарушува или да го засега остатокот од овој Договор, за кој договорните страни се согласуваат дека инаку би останал во полна сила и дејство.

Член 28

**ОДРЕДБИ ЗА АНТИКОРУПЦИЈА**

Секоја договорна страна со потпишувањето на овој Договор и гарантира на другата договорна страна дека:

- постапува во согласност со сите применливи закони за спречување поткуп и корупција, прописи, стандарди и други правни услови;
- директор, вработен или претставник на секоја од договорните страна не смее да нуди, ветува, дава или наддава ништо вредносно (финансиско или друго) за да поттикне незаконско дејство или прекршување доверба за несоодветно влијание врз акт или одлука на претставник на другата страна прекршувајќи ги применливите закони кои се однесуваат на спречување поткуп и антикорупција;
- во извршувањето на своите обврски превземени со Договорот, секоја договорна страна е должна да се придружува кон сите применливи закони за спречување поткуп и корупција.

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 29

Промени и дополнување на овој Договор може да се направат со Анекс во писмена форма со взаемна согласност на договорните страни.

Член 30

Сите идни измени и дополнувања на Законот кои директно влијаат на правата и обврските на двете договорни страни на овој Договор ќе бидат автоматски имплементирани во овој Договор, за што се согласни и двете договорни страни.

**ВАЖЕЧКО ПРАВО И РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОР**

Член 31

Секоја ситуација која не е покриена со овој Договор ќе биде разрешена согласно позитивните законски прописи важечки во Република Северна Македонија.

Член 32

Секој спор што ќе произлезе од или во врска со овој Договор, договорните страни ќе се обидат најпрво да го разрешат спогодбено со меѓусебни преговори.

Доколку тоа биде невозможно двете договорни страни имаат право да го префрлат спорот на решавање во Основен Граѓански суд Скопје .

Член 33

Договорот е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 1 (еден) за договорните страни а другите 2 (два) за службени потреби.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

**ПАКОМАК ДОО Скопје** **ПРОИЗВОДИТЕЛ**

________________________ ________________________

Друштво за трговија и услуги ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт СКОПЈЕ

**Друштво за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје**

бул. Партизански Одреди, Порта Влае блок 4, Скопје, Р.С.Македонија

жиро с-ка: **250-001002708705** **Депонент: Шпаркассе банка АД Скопје,** ЕДБ: **МК4057010510526**

# ПРИЛОГ 1

| | Надоместоци 2024 | во ЕУР/тон |
|---|---|---|
| | *Тип на отпад* | |
| 1 | Хартија/Картон | 31,00 |
| 2 | Пластика | 37,60 |
| 3 | Стакло | 43,70 |
| 4 | Останат метал | 37,60 |
| 5 | Алуминиум | 43,70 |
| 6 | Композитни материјали | 37,60 |
| 7 | Дрво | 30,00 |

1 ЕУР = 61,8 денари.

* Надоместоците се без вкалкулиран ДДВ од 5%.

** Во случај на девалвација, ПАКОМАК ДОО го задржува правото на соодветна корекција на курсот на еврото.

за ПАКОМАК ДОО:

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје

за ПРОИЗВОДИТЕЛОТ:

за трговија и услуги ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт СКОПЈЕ

Друштво за трговија и услуги
ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 0302-055/2
23.05 2024 год.
СКОПЈЕ

Друштво за производство, промет и услуги
ЕКО-ЦИРКОН ДОО Експорт-Импорт
Бр. 0307-04/198
20.05 2024 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 20.05.2024 помеѓу:

1.Друштвото за трговија и услуги ФИ-СА КОМЕРЦ ЉУПКА Дооел, Скопје , со едб мк4030992162989 , адреса на ул. Стево Филиповиќ бр. 2-3/10, Скопје застапувано од управител Зоран Јовановски од Скопје,( во понатамошниот текст Продавач)

2.Друштво за производство, промет и услуги ЕКО ЦИРКОН ДОО Скопје, со седиште на ул.Никола Стефановски бр.16 Скопје со ЕДБ МК 4030998354936 претставувано од Управителот Златко Ангелески (во понатамошниот текст: Купувач)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

Член 1

Предмет на овој договор е откуп на **отпадно старо железо , отп.алуминиум , електронски отпад ,акумулатори,отп. бакар, отпаден месинг, отпаден прохром и сите останати обоени метали** , на локација –адреса ул. 1632 бр.39 ( по ново Ѓорѓи Колозов бр. 39, Скопје)

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРЕНИТЕ СТРАНИ

Член 2

Продавачот е должен да му го предаде отпадниот материјал на купувачот во разумен рок. Количеството на отпадниот материјал од член 1 ќе се одредува врз основа на испорака од страна на продавачот поткрепени со соодветна документација (испратница, фактура).

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Договорените страни овој договор го склучува на 1 ( една ) години. Секоја од договорените страни има право да го раскине договорот со писмено известување до другата страна 15 дена пред денот раскинување на договорот.

Член 5

Страните можат да ги изменат одредбите на овој договор само спогодбено со склучување на Анекс кон Договорот. Во случај на неисполнување на договорените обврски странките можат да бараат раскинување на договорот.

Член 6

Продавачот може да си го донесе отпадот на одреденото место или Купувачот да го превземе отпадниот материјал од продавачот со свои возила по дозвола за транспорт издадена од Мин. За Животна Средина и просторно планирање УП1-11/2-2529/2022 , и при отстранувањето на отпадниот материјал да води грижа за заштита при работа на лицата кои се ангажирани од негова страна за утовар/истовар, транспорт и складирање, да создаде безбедни услови за работа, согласно законските прописи.

Член 7

Мерењето ќе го врши купувачот со негова електронска вага, а во присуство на одговорно лице на страната на продавачот. По извршеното мерење на вага се издава кантарска белешка што е основ за утврдување на количините и изготвување на транспортни и идентификациони формулари од страна на купувачот.

Член 8

Купувачот е должен при извршување на целокупната услуга, предмет на овој договор да постапува согласно Законот за управување со отпад и гарантира дека ги поседува сите дозволи, лиценци и сл, од Министерство за животна средина и просторно планирање на Р.С.Македонија и останати надлежни институции.

ВАЖНОСТ

Член 9

Договорот стапува на сила од денот на негово потпишување па се до истекот од една календарска година .

Член 10

Цената не е константна и ќе се договара зависно од берзата. Договорената цена на продажба на отпадниот материјал се изразува во денари. Во цената не е вклучено ДДВ бидејќи цврстиот отпад не подлежи на ДДВ од 18% по член 32А од законот за ДДВ.(Службен весник бр. 12/2014)

Плаќањето купувачот го извршува врз основа на фактура, потпишана од двете договорени страни. Купувачот е должен да му го исплати на продавачот износот наведен во фактурата, во рок од 8 дена на добивање на фактурата.

ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

Член 11

Договорените страни се согласни со сите права и обврски преземени со овој договор, а за се што не е предвидено со овој договор ќе се применуваат одредбите Законот за облигациони односи и сите позитивни правни прописи. Евентуални нерегулирани прашања од односите меѓу договорените страни ќе се регулираат со посебни анекси.

Секој спор во врска со реализацијата на правата и обврските кои произлегуваат од овој договор договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено во духот на добрите деловни обичаи, а во спротивно надлежен суд е Основен граѓански суд Скопје.

Член 12

Овој договор се склучува во два еднобразни примерока од кои по еден за секоја договорена страна.

| ПРОДАВАЧ | КУПУВАЧ |
|---|---|
| ФИ –СА КОМЕРЦ ЉУПКА Дооел, Скопје | ЕКО ЦИРКОН ДОО, Скопје |
| Управител | Управител |
| Зоран Јовановски | Златко Ангелески |

Друштво за трговија и услуги ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт СКОПЈЕ

Друштво за трговија и услуги
ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 0302 -138/2
30-10 2024 год.
СКОПЈЕ

# Договор
# За сервис и одржување на разладни системи и комори

Склучен на ден **28.10.2024** помеѓу

НАРАЧАТЕЛ: **ФИСА КОМЕРЦ ДООЕЛ**
Ул.Стево Филиповиќ 2-3/10
Скопје

ИЗВЕДУВАЧ: ** ФРИГОКОЛД** ДОО
Ул. 32 бр.10 инд.зона Илинден
Деловна единица:
Сектор за Сервис и Одржување

Предмет на договор

**Член 1**

Предмет на договор е вршење на сервис и одржување на **разладните и грејните системи и комори** на објектите на **ФИСА КОМЕРЦ-Скопје** ул.1632 бр.39 по ново ул.Ѓорги Колозов бр.39,која ќе се изведува според планот и програматадоставена од секторот за сервис и одржување кој опфаќа **1 Техничкаконтрола во период од еден месец.**

**Член 2**

Со овој договор изведувачот се обврзува да изврши услуги по вид и обем (според барањата на нарачателот) како што е одредено во член 1 од овој договор, а Нарачателот се обрвзува дека ќе изврши плаќање на фактурата во рок од 15(петнаесет) дена од денот на извршената услуга за сервис и одржување на разладните системи и опрема.

**Член 3**

Изведувачот е должен услугата за сервис и одржување да ја изврши квалитетно и во предвидените рокови . По секоја извршена контрола изведувачот треба даподнесе извештај за извршената работа.

**Член 4**

Цените се одредени во понудата дадена од страна на изведувачот која е прифатена од нарачателот. За сите останати активности договорните странки се договараат меѓусебно.

**Член 5**

Изведувачот се обврзува за користење на квалитетни резервни делови како и користење на најсовремен алат за раководење со разладните системи и комори.

**Член 6**

Важноста на договорот е 2(две) години од денот на потпишување на договорот. Доколку ни една од страните не побара негово раскинување, важноста на договорот се продолжува за уште 1(една) година.

**Член 7**

Сите евентуални спорови, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено. Во спротивно, спорот ќе се решава пред судот во скопје.

**Член 8**

Овој договор се изработува во 2(два) примероци, по 1(еден) примерок за секоја од договорна странка.

| | |
|---|---|
| **ИЗВЕДУВАЧ** | **НАРАЧАТЕЛ** |
| **ФРИГОКОЛД ДОО** | **ФИСА КОМЕРЦ- Скопје** |

Друштво за трговија и услуги
ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 0302-0601/1
31.05 2024 год.
СКОПЈЕ

GREEN TEAM

- Чистење на канализација ,одводи, јами, резервоари
- Изнајмување и одржување на мобилни тоалети
- Продажба на комунална опрема
- Сервис на комунални возила
- Пескарење и заштитно фарбање на возила, машини
- Индустриско чистење

тел. +389 47 223 165, +389 71 235 714,+389 72 306 710 www.greenteam.mk ,
janakievski@greenteam.mk ISO 9001:2015;ISO 14001:2015;ISO 45001:2018

ДОГОВОР

ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 01.05.2024 година помеѓу:

1.Друштво за промет и услуги ГРИН ТИМ ДОО Битола

Ул.Илинденска бр. 1 со ЕМБС 7173180 и ЕДБ 4002016548798 преку овластено

Лице Елизабета Јанакиевска ( во натамошниот текст извршител )

2.ФИ-СА КОМЕРЦ ЉУПКА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул.Стево Филиповиќ 2/3-10 Скопје Ѓ.Петров со ЕМБС 4341775 и ЕДБ 4030992162989 преку овластено лице Зоран Јовановски (во натамошниот текст корисник )

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Чл.1

Предмет на овој договор е црпење на резервоар – сепаратор од страна на извршителот со посебни специјализирани возила за таа намена по определена динамика меѓи двете договорни страни на локација ул. 1632 /39 ( Ѓорги Колозов бр 39 ) Скопје .

ЦЕНА

Чл.2

тел. +389 47 223 165, +389 71 235 714,+389 72 306 710 www.greenteam.mk , janakievski@greenteam.mk 

Договорните страни се согласни за црпење на резервоар – таложник и сепаратор определени во чл.1 од овој договор,

-вшмукување на отпадни води со цистерна за вшмукување цената да изнесува 4000 денари за 3 М3.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Чл.3

Странките се согласни времетраењето на овој договор да биде 1 година и тоа почнувајќи од 01.05.2024 заклучно со 30.04.2025 година .Празнење на резервоарот -таложникот и сепараторот ќе се врши по повик на корисникот.За секоја завршена работа ,услуга ќе се потпишува испратница од двете страни врз основа на што ќе се врши фактурирање.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Чл.4

Се што не е предвидено со овој договор важат одредбите од ЗОО како и позитивните законски прописи на РМ

Чл.5

Во случај на спор договорните страни ќе го решаваат спогодбено , а доколку спорот не може да се реши спогодбено се определува месна и стварна надлежност на Основниот суд Битола

Чл.6

GREEN TEAM

- Чистење на канализација ,одводи, јами, резервоари
- Изнајмување и одржување на мобилни тоалети
- Продажба на комунална опрема
- Сервис на комунални возила
- Пескарење и заштитно фарбање на возила, машини
- Индустриско чистење

тел. +389 47 223 165, +389 71 235 714,+389 72 306 710 www.greenteam.mk ,
janakievski@greenteam.mk ISO 9001:2015;ISO 14001:2015;ISO 45001:2018

Овој договор е составен од 2 ( два ) истоветни примероци по еден за секоја страна

ИЗВРШИТЕЛ

ДОО ГРИН ТИМ

Друштво за промет и услуги ГРИН ТИМ ДОО увоз-извоз Битола

КОРИСНИК

ФИ-СА КОМЕРЦ ЉУПКА ДООЕЛ

Друштво за трговија и услуги ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт СКОПЈЕ

# ПП СЕРВИС С-9 ГОЦЕ ДООЕЛ
**увоз-извоз Скопје**

Ул.Петар Драпшин бр.2 лок.2 Скопје Кисела вода
тел. 02 2 779-003 моб. 070 221-746 071 211-062
**ppserviss9@hotmail.com**
Жиро сметка: 300000000088015 Комерцијална банка
380100611100105 Прокредит банка
ЕДБ:МК4030998340749
ЕМБС 5228085


Сервис за одржување, сервисирање и испитување противпожарни апарати и стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси. Овластување бр. **СГИ08-50/2 СГИ08-62/3** Издадена од ДЗС

Друштво за производство, промет и услуги ПП СЕРВИС С-9 Гоце ДООЕЛ увоз-извоз Бр. 0307-027 28.10.2024 год. СКОПЈЕ

Друштво за трговија и услуги ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт Бр. 0302-1381/1 30.10.2024 год. СКОПЈЕ

## ДОГОВОР
За давање противпожарни услуги

Овој Договор е склучен на ден __28.10.2024 ____година,помеѓу:

1. Друштво за производство, промет и услуги **ПП СЕРВИС С-9 Гоце ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,** со седиште на ул. Петар Драпшин 2 а лок. 2 бб, Скопје, со **ЕДБ 4030998340749** и **ЕМБС 5228085**, застапувано од Управителот Гоце Гиевски (во понатамошниот текст како Давател на услуги),
2. **ФИ-СА КОМЕРЦ ДООЕЛ. Скопје со седиште на ул.Стево Филиповиќ бр 2-3/10 Скопје со ЕДБ 4030992162989 и ЕМБС 4341775** , управувано и застапувано од управителот **Зоран Јовановски** (во понатамошниот текст како Корисник на услуги).

### Член 1

Предмет на овој Договор е комплетно одржување, сервисирање, испитување (контрола, полнење, контролно испитување под притисок, атестирање, поправка на механички дефекти, бојадисување, замена на неисправни делови) на противпожарни апарати за гасење на пожар и на хидрантска ПП опрема и мрежа, сопственост на Корисникот на услугата, на објектите лоцирани на страна на Корисникот на услугите и тоа на

**Ул:Киро Глигоро бр 5А ,Скопје и на**

**Ул:1632 бр:39 по ново ул: Ѓорѓи Колозов бр:39,Скопје,**

а согласно Законот за пожарникарство (Сл. весник бр. 67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015 39/2016 и 26/2018).

### Член 2

Давателот на услугата се обврзува услугите предмет на овој Договор да ги врши квалитетно и во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива, технички нормативи, критериуми, упатства и пропишани стандарди и ја превземаат гарантираната обврска за функционирање на ПП апаратите и опремата на Корисникот на услугата.

Давателот на услугата изјавува дека располага со соодветно знаење,

стручност, техничка опременост и доволен број на овластени, стручно оспособени и обучени вработени за вршење на услугите предмет на овој Договор.

Давателот на услугата е должен услугите предмет на овој Договор да ги извршува совесно, стручно, точно, навремено со должно внимание и грижа како добар стопанственик.

Давателот на услугата изјавува дека ја поседува потребната документација, одобренија, дозволи, овластувања и сл. издадени од надлежни органи и институции за вршење на услугите предмет на овој Договор и потврдува дека истата е во важност. Давателот на услугата е должен веднаш писмено да го извети Корисникот на услугата за престанокот на важноста или одземањето на постојните овластувања за вршење на услугите предмет на овој Договор, во спротивно должен е да му ја надомести на Корисникот на услугата евентуалната претрпена штета.

**Член 3**

Според видот, предметните работи може да се вршат кај Корисникот на услугата (во неговите објекти) и работи кои се вршат во објектите на Давателот на услугите.

При вршењето на предметните работи во објектите на Корисникот на услугите, Давателот на услугите е должен да го почитува куќниот ред и правилата на Корисникот на услугите, без да се нарушува нормалното функционирање и процесот на производство на Корисникот на услугите.

При вршењето на предметните работи во објектите на Давателот на услугите, превозот на ПП апаратите и опремата го врши Давателот на услугите на свој трошок, со сопствена работна снага и со свое возило.

Давателот на услугите е должен да ја сервисира противпожарната опрема по потреба согласно утврдената динамика, како и по писмено или усно барање од Корисникот на услугите.

Давателот на услугите е должен веднаШ да одговори на повикот на Корисникот на услугите и да го изврШи соодветното сервисирање, а најдоцна 24 (дваесетичетири) часа по повикот.

Давателот на услугите е должен за извршеното сервисирање И испитување да му издаде потврда на Корисникот на услугите.

Давателот на услугите е должен при вршењето на услугите предмет на овој Договор, доколку забележи некоја можна опасност, неисправност, проблем, неусогласеност на видот и количината на противпожарните апарати и други несоодветности на противпожарната опрема и уреди, средства за гаснење на пожари или инсталацијата на Корисникот на услугите, е должен веднаш да го извести Корисникот на услугите за тоа и да предложи мерки за негово надминување, отстранување и исправање.

Давателот на услугите бесплатно ги врши следните работи:

- поставување на контролен картон и ПВЦ кесичка на апаратите;
- поставување на осигурач со пломба на апаратите.

**Член 4**

Давателот на услугите е должен да врши редовно сервисирање на противпожарната опрема двапати годишно, за што му доставува соодветен документ-потврда на Корисникот на услугите.

Давателот на услугите дава писмена гаранција за исправноста на противпожарните апарати за Шест месеци од денот на сервисирањето, кој го впиШува во гарантно - контролниот лист на секој ПП Апарат, соглаасно важечката регулатива.

По истек на гарантниот рок, Давателот на услугите е должен да испрати сервисер да извврШи преглед на ПП Апаратите на лице место како би биле апаратите секогаШ во исправна состојба.

**Член 5**

Давателот на услугите е должен претходно навремено да го извести Корисникот на услугите за редовните прегледи и сервисирање, а Корисникот на услугите може да определи при редовните прегледи и сервисирање да има свој претставник.

**Член 6**

За изврШените услуги Давателот на услугите цените ќе ги пресметува по утврден ценовник на ПП СЕРВИС С-9 ДООЕЛ. Скопје кој Ќе се применува со потпиШување на Договорот и истиот е составен дел на овој Договор.

Во случај на промена на цените, Давателот на услугите е должен во рок од 15 ( петнаесет) дена пред да се изврши промената, да го извести Корисникот на услугите. Доколку Корисникот на услугите не се согласи со ново понудената цена, има право да побара предвремено еднострано раскинување на овој Договор без отказен рок.

**Член 7**

За изврШената услуга предмет на овој Договор, Давателот на услугата Ќе му издаде и достави фактура на Корисникот на услугите.

Корисникот на услугите плаЌањето за изврШените услуги од член 1 на овој Договор Ќе го врШи по Фактура, во рок од 15 (петнаесет ) дена сметано од денот на приемот на фактурата.

**Член 8**

Двете Договорени страни се спогодија Договорот да биде со важност на неограничен период сметано од денот на неговото склучување.

Овој Договор може да се ракине спогодбено пред истекот на важност утврден во став 1 на овој член, со заемна согласност од двете Договорени страни.

Во случај на непочитување на обврските или повреда на било која одредба од овој Договор, секоја Договорена страна има право да бара еднострано раскинување на Договорот со претходно писмено известување за раскинување доставено до другата Договорена страна со отказен рок од 15 ( петнаесет) дена .

Секоја Договорена страна има право еднострано да го раскине овој Договор пред истекот на рокот утврден во став 1 на овој член со писмено известување доставено до другата Договорена страна со отказен рок од 30 ( триесет) дена.

Во случај на престанок на важност или одземање на овластувањата од надлежните органи И институции на Давателот на услугите за врШење на услугите предмет на овој Договор, овој Договор престанува да важи со денот на писмено известување доставено до Корисникот на услугите од страна на Давателот на услугите.

Корисникот на услугата може еднострано да го раскине овој Договор без отказен рок со писмено известување доставено до Давателот на услугата, доколку Корисникот на услугата не се согласува со предложената промена на цени на Давателот на услугата за вршење на услугите предмет на овој Договор.

**Член 9**

Евентуални промени на договорот може да се врШат спогодбено во писмена форма со потпиШување на анекс кон основниот Договор.

**Член 10**

За сите непредвидени случаи на овој Договор странките се согласни и прифаЌаат да важат прописите од Законот за облигациони односи и друга важечка законска и подзаконска регулатива која ја регулира ова материја.

**Член 11**

Договорените страни се согласни на мирен начин и спогодбено да ги реШат евентуалните спорови кој би можеле да произлезат од овој Договор. Во спротивно надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

**Член 12**

Овој Договор е направен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примерока за двете Договорени страни.

| | |
|---|---|
| **ПП СЕРВИС С-9 ДООЕЛ** | **ФИ-СА КОМЕРЦ ДООЕЛ.** |
| **Скопје** | **Скопје** |
| ______________________ | ______________________ |
| **Управител** Гоце Гиевски Дипл. ПП Инжeнер | **Управител** |
| **Гиевски Гоце** | **Зоран Јовановски** |

Друштво за трговија и услуги
ФИ-СА КОМЕРЦ Друшка ДООЕЛ скопје-импорт
Бр. 0302-0721/1
12.08 2024 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## ЗА СЕРВИСИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗИЛА

**I.Договорни страни**

**1. Друштво за трговија и услуги ФИ-СА Комерц ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.Стево Филиповиќ бр.2-3/10, 1000 Скопје, и подружници на адреса**

**бул:Киро Глигоров бр:5А,Скопје и подружница на адреса ул:1632 бр:39,Скопје по ново ул:Ѓорѓи Колозов 39,Скопје застапувано преку управител Зоран Јовановски** (во понатамошниот текст прва договорна страна)

**2. Друштво за автомеханичарски услуги и промет ТОМЧЕ СЕРВИС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул.Перо Наков бр.81 Скопје, застапувано преку управител Томислав Узунов** (во понатамошниот текст втора договорна страна)

**II.Предмет на договор**

Член 1

Со овој Договор се регулираат меѓусебните права и обврски на двете договорни страни.

Предмет на овој Договор е сервисирање и одржување на товарните моторни возила сопственост на првата договорна страна, со претходно поднесено барање и издадена понуда за секое поединечно моторно возило.

Член 2

Предмет на овој договор се моторни возила со следните регистарски таблици:

SK 7561 AS

SK 2655 AM

SK 2406 BG

SK 4781 BC

SK 1726 AT

SK 1424 AI

SK 2407 BG

SK 637 PA

SK 5068 AP

Доколку дојде до промена на некое моторно возило, за секое дополнително возило кое ќе биде предмет на сервисирање и одржување, дополнително ќе се склучи Анекс, кој ќе биде составен дел од овој договор.

**III.Вредност на договорот**

Член 3

Вкупната вредност со вклучени трошоци и јавни давачки, ќе се утврди врз основа на стварно извршените услуги.

Единечните цени ќе бидат дадени во понуда пред да се отпочне со сервисирањето од страна на втората договорна страна и доколку истите бидат прифатени од страна на првата договорна страна истите ќе бидат составен дел од овој договор.

## IV. Времетраење на договор

Член 4

Овој Договор се склучува за неопределено време и истиот може да биде откажан од двете договорни страни во било кој временски период.

## V.Начин на извршување на услугите

Член 5

Втората договорна страна е должна да ги извршува услугите предмет на договор сукцесивно по поднесено писмено барање потпишано со име и презиме и потпис од одговорното лице на првата договорна страна.

Лице задолжено за реализација на првата договорна страна е Зоран Јовановски и Филип Јовановски.

## VI.Гаранција за квалитетно извршување на договорот

Член 6

Втората договорна страна гарантира и се обврзува дека за стручно, професионално и квалитетно ќе го изврши предметот на овој договор.

Поправката и сервисирањето на возила претставува вршење на услуги за дијагностицирање, вградување и замена на резервни делови и тоа: дијагностицирање на дефектите на основ на проблеми кои ги забележала првата договорна страна и извршениот увид на возилото; давање на предлог пресметка на поправката; извршување на поправката по добивање на писмената согласност за предлог пресметката, во определениот рок.

## VII.Начин на плаќање

Член 7

Плаќањето ќе се извршува поединечно по фактури од извршената услуга предмет на овој договор и истото ќе се врши во рок од 7 дена по уредно доставената фактура.

Член 8

При изготвување на фактурата, втората договорна страна е должна да ги наведе слоедните елементи: возило и регистарски број, опис на извршена услуга; пресметка по единечна цена и вкупна цена на фактурата како и ДД (ако има), валута на плаќање.

## VIII.Завршни одредби

Член 9

Овој договор е составен во 2 (два) примероци, од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна и истиот стапува на сила со денот на потпишувањето

ФИ-СА Комерц Скопје

Друштво за трговија и услуги ФИ-СА КОМЕРЦ Љупка ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

Друштво за автомеханичарски услуги и промет ТОМЧЕ СЕРВИС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Томче Сервис Скопје